# **СОГЛЕДУВАЊА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**
# ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2024-2028 ВО ОБЛАСТ НА **СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**




British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# СОДРЖИНА

ВОВЕД .......... 3
МЕТОДОЛОГИЈА .......... 4
РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .......... 5
ЗАКЛУЧОК .......... 7
ПРЕПОРАКИ .......... 8

# ВОВЕД

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „Преосмислување на управувањето" реализиран од Центарот за управување со промени, а финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство и Британската амбасада во Скопје. Проектот има за цел да ја унапреди координацијата на политиките од страна на ефикасен Центар на Влада, меѓу кои и процесот на планирање. Најважен плански документ на Владата е Програмата за работа на Владата за времетраењето на мандатот, па ова истражување е во насока на сугерирање на дополнителни мерки во дадената област, покрај мерките кои се предвидени од страна на Владата. За Програмата да биде успешна, задолжително треба да се консултираат сите засегнати страни, а ова истражување претставува консултација за одбраната област со приватниот сектор.

Директната цел на ова истражување е да се идентификуваат и разгледаат предизвиците со кои се соочуваат приватните компании кои работат во областа на социјалната политика, со фокус на нивната улога во унапредувањето на социјалните услуги во Северна Македонија. Овие компании, како што се установи за грижа за деца и стари лица, рехабилитациски центри, компании за одржување и хигиена, како и агенции за обезбедување, претставуваат клучен дел од екосистемот на социјална грижа и поддршка.

Истражувањето ги опфаќа следниве аспекти:

- Предизвиците со кои се соочуваат компаниите, вклучително регулаторни пречки, финансиски ограничувања, недостиг на квалификувана работна сила и пристап до јавни и приватни фондови.
- Можностите за зајакнување на овој сектор, преку мерки за подобрување на економската состојба на компаниите, поттикнување на социјалното претприемништво и развој на политики за поддршка на економијата на грижа.
- Подобрување на квалитетот и достапноста на социјалните услуги преку зајакнување на партнерствата помеѓу приватниот и јавниот сектор, како и обезбедување поголема финансиска и институционална поддршка.

Социјалниот сектор има потенцијал да придонесе за општествената стабилност и економскиот раст преку поттикнување на социјалното претприемништво и промоција на општествена одговорност. Истражувањето предлага мерки за зголемување на одржливоста и продуктивноста на компаниите во овој сектор, што ќе има директно влијание врз подобрувањето на социјалните услуги за сите граѓани.

Дополнително, се истражува како преку иновативни пристапи може да се поттикне економијата на грижа (economy of care) како стратешки сектор кој не само што ја поддржува ранливата популација, туку и создава нови можности за вработување и социјална кохезија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на ова истражување беше применета комбинација на квантитативни и квалитативни методи со цел да се добијат сеопфатни податоци за состојбата, предизвиците и можностите за развој на приватните компании кои работат во областа на социјалните услуги. Методологијата опфати две главни алатки за прибирање на податоци: онлајн прашалник и интервјуа.

1. Онлајн прашалник

Со цел да се соберат квантитативни податоци за тековната состојба на компаниите, нивните предизвици и перцепции за ефективноста на постојните мерки од владината програма, онлајн прашалникот беше дистрибуиран до 30 компании кои работат во различни сегменти на социјалните услуги, вклучувајќи: компании за грижа за деца (детски градинки, дневни центри), компании за грижа на стари лица, рехабилитациски центри, компании за одржување и хигиена, компании за обезбедување.

Прашалникот вклучуваше прашања од следниве категории: општи податоци за компанијата (големина, број на вработени, услуги што ги нуди), финансиски и оперативни предизвици, корисноста на постојните владини мерки, препораки за дополнителни мерки и поддршка.

2. Квалитативни интервјуа

Со цел да се добијат подлабоки увиди за специфичните потреби на компаниите, како и нивните ставови за владината програма и можностите за нејзино проширување, беа спроведени интервјуа со 15 компании од истите сектори, со фокус на претставници од менаџерско или сопственичко ниво.

Интервјуата беа структурирани околу следниве теми: евалуација на постојната владина програма за поддршка на социјалната политика, клучни бариери за развој и раст на компаниите, идеи за нови или проширени мерки кои би придонеле за економско зајакнување на секторот.

Интервјуата беа водени лично или онлајн, со претходно договорени термини и прашања за дискусија.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Ниво на информираност за владината програма и мерки

Анализата покажува дека компаниите од секторот за социјални услуги, генерално, имаат ниско ниво на информираност и искористеност на владините програми и мерки.

- 50% од испитаниците не се запознаени со постоечката владина програма и мерките поврзани со социјалната политика.
- 40% од испитаниците се делумно запознаени со овие програми, што укажува на недостаток на јасна комуникација или пристап до информации.
- Само 10% од компаниите се целосно запознаени со владините мерки и можности за поддршка.




### 2. Искористеност на владините субвенции и програми

- Само 10% од компаниите имаат користено државни субвенции или програми за поддршка поврзани со социјалната политика.
- Ова значи дека дури и оние кои се запознаени со програмите, ретко ги искористуваат, најверојатно поради административни бариери, недоволно разјаснети услови или други пречки.

### 3. Главни предизвици за компаниите во секторот за социјални услуги

Во анкетата и интервјуата со претставници на компании кои работат во областа на социјалните услуги беа идентификувани неколку главни предизвици:

- Недостаток на квалификуван кадар (70%): Овој проблем се однесува на недостатокот на професионалци со потребните знаења и вештини за работа во социјалните услуги, како што се негуватели, рехабилитациски терапевти и администратори.
- Финансиски предизвици (50%): Компаниите имаат тешкотии во одржувањето на финансиска стабилност, особено во контекст на зголемени оперативни трошоци.

- <u>Административни и регулаторни бариери (50%):</u> Компаниите се соочуваат со комплексни законски процедури кои го отежнуваат започнувањето и проширувањето на нивните услуги.

- <u>Недоволна координација со институции (10%):</u> Постојат пречки во соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор, што го ограничува ефективното реализирање на проекти.

- <u>Недостаток на инфраструктура (10%):</u> Недостигот на адекватни простори и ресурси ја ограничува способноста на компаниите да понудат висококвалитетни услуги.







### 4. Предлози за подобрување на законската регулатива и условите

Компаниите дадоа конкретни предлози за измени на регулативите и создавање поволна деловна средина:

- <u>Промена на законите за односите меѓу бројот на корисници и вработени:</u> Се бара ревизија на постоечките прописи за да се овозможи пофлексибилно управување со ресурсите.

- <u>Финансиска поддршка за зимскиот период:</u> Особено е важно за компаниите кои се соочуваат со зголемени трошоци за енергија и греење.

- <u>Инвестирање во обука на стручен кадар:</u> Се препорачува создавање програми за професионален развој и мерки за задржување на кадарот во државата.

- Субвенции за патни трошоци за вработените во рурални области: Ова би помогнало во надминување на логистичките предизвици и привлекување на работна сила надвор од урбаните центри.

## ЗАКЛУЧОК

Анализата покажува дека секторот за социјални услуги во Северна Македонија се соочува со сериозни предизвици кои го ограничуваат квалитетот и достапноста на услугите. Еден од најголемите проблеми е ниското ниво на информираност и вклученост на компаниите во владините програми за поддршка, што влијае на ефикасноста и опфатот на мерките.

Компаниите истакнуваат потреба од:

- Подобрување на информираноста за владините програми преку зголемена комуникација, промотивни активности и соработка со приватниот сектор.
- Олеснување на административните процедури за аплицирање и користење на субвенции и поддршка.
- Зголемување на довербата и интеракцијата помеѓу јавниот и приватниот сектор за поефективна соработка и имплементација на заеднички иницијативи.

Исто така, главните барања на компаниите се насочени кон финансиска поддршка, развој на стручен кадар и ревизија на законските и регулаторни рамки. Овие мерки се клучни за зајакнување на секторот, подобрување на економската состојба на компаниите и подигнување на нивото на социјалните услуги во државата.

Примената на овие мерки би резултирала со:

- Поголемо економско зајакнување на компаниите.
- Поттикнување на социјалното претприемништво и општествената одговорност.
- Унапредување на економијата на грижа и севкупната благосостојба на ранливите категории на граѓани.

На крај, постои јасна потреба за координиран пристап помеѓу Владата, приватниот сектор и останатите засегнати страни за надминување на постоечките предизвици и зајакнување на социјалната заштита во Северна Македонија.

# ПРЕПОРАКИ

Во продолжение се прикажани препораки кои произлегуваат од истражувањето со наведените компании. Некои од препораките не се дел од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година, па се препорачува тие да бидат земени предвид од страна на Владата при реализација на реформите во посебните индустриски сектори и во насока на поддршка на развојот на приватниот сектор.

1. **Препораки за унапредување на родовата еднаквост**

За да се постигне значителен напредок во родовата еднаквост, се предлагаат конкретни мерки што таргетираат различни аспекти на овој предизвик, и тоа:

Програма за жени претприемачки

- Обезбедување грантови и менторски програми за жени кои сакаат да започнат свој бизнис, со посебен фокус на иновативни идеи и сектори каде жените се помалку застапени.

Преку ваква мерка државата ќе го поттикне на женското претприемништво, ќе се отворат нови работни места и економски ќе се зајакнат жените, особено во руралните средини.

Кампањи за подигање на свеста за родова еднаквост

- Организирање на образовни програми и медиумски кампањи за родова еднаквост, започнувајќи од основните и средните училишта.
- Промена на општествените стереотипи, поголемо прифаќање на родовата еднаквост и создавање на генерација која ќе ги поддржува овие вредности.

2. **Препораки за поддршка на семејствата и институционални реформи**

За унапредување на квалитетот на животот на семејствата и зајакнување на институционалната поддршка се препорачуваат следните мерки:

1. Даночни олеснувања за компании со политики за семејна поддршка

- Компаниите кои воведуваат семејно ориентирани политики, како што се флексибилни работни часови, услуги за чување деца или финансиски надоместоци за родителски одговорности, да добијат намалување на даночниот товар.

2. Дигитализација

- Предлог: Воведување на централизирана дигитална платформа или апликација преку која семејствата ќе можат да аплицираат за финансиска и социјална поддршка (како додатоци за деца, субвенции за едукација, грижа за стари лица).
- Начин на спроведување:
  - Развој на кориснички ориентирана апликација.
  - Платформата ќе овозможи следење на статусот на апликациите, добивање упатства и комуникација со надлежните институции.
  - Програмата треба да биде достапна и за луѓе од рурални средини преку интеграција со локалните општини.
- Очекуван ефект: Зголемување на ефикасноста и транспарентноста на институциите. Намалување на административните бариери за семејствата, со што ќе се олесни пристапот до поддршка.

3. Ваучери за учење дигитални вештини

- Предлог: Доделување ваучери на лица/семејства со ниски приходи кои можат да се искористат за образование, обуки или активности што го поддржуваат учењето на дигитални вештини на децата и други маргинализирани групи.
- Начин на спроведување: Секоја година, лицата/семејствата ќе добиваат ваучери за градење дигитални вештини. Ваучерите ќе бидат валидни за плаќање курсеви, купување книги или учество во едукативни програми, со ограничување за користење кај акредитирани институции.
- Очекуван ефект: Намалување на економската бариера за пристап до квалитетно образование, особено критичните дигитални вештини.
  Поттикнување на континуирано учење кај децата и подобрување на нивните шанси за успех.

## 3. Препораки за поддршка на пензионерите

Заради ослободување на работоспособното население од грижата за старите лица во домот, потребно е унапредување на благосостојбата на пензионерите и нивното активно учество во општеството, за што се предложуваат следните мерки за директна поддршка:

1. Финансиска поддршка од државата за изградба на домови за стари лица

- Владата да обезбеди финансиски средства за изградба на нови домови за стари лица, како и за реновирање на постоечките објекти, за да се осигура дека сите пензионери имаат пристап до квалитетна грижа.
- Начин на спроведување:
  - Владата ќе објави јавни повици за финансиска поддршка на локалните власти и невладини организации за изградба на домови за стари лица.

    - Финансиската поддршка може да се обезбеди преку субвенции, даночни олеснувања или поволни кредити за компании кои сакаат да инвестираат во изградба на домови за стари лица.
- Очекуван ефект:
    - Сигурен и пристапен дом за стари лица, кој ќе обезбеди квалитетна грижа и здравствени услуги.
    - Се намалуваат притисоците на семејствата кои се грижат за стари лица со обезбедување на адекватни услови за живот.

2. Програми за активно стареење – Пензионери како ментори за млади професионалци

- Предлог: Развивање програми во кои пензионерите ќе учествуваат како ментори за млади професионалци, особено во индустриите како што се техничкиот и металопреработувачкиот сектор, медицина, здравство и останати стручни струки.
- Начин на спроведување:
    - Креирање на соработки помеѓу образовните институции и работодавците, каде пензионерите можат да ги споделат своите искуства и знаења со младите професионалци.
    - Обезбедување финансиски надоместоци или награди за пензионерите кои учествуваат како ментори.
    - Развивање и одржување на курсеви и работилници кои ќе се фокусираат на пренесување на технички и професионални вештини.
- Очекуван ефект:
    - Пренос на вредно искуство и знаење од пензионерите кон младите генерации, што ќе придонесе за развој на индустриите.
    - Пензионерите ќе се чувствуваат активни и корисни, што ќе има позитивен ефект на нивното психолошко здравје.

3. Програми за активно стареење – Проекти за вклучување на пензионерите во општествени активности и обуки за дигитални вештини

- Предлог: Развивање на програми кои ќе вклучат пензионери во општествени активности, доброволни услуги и обуки за дигитални вештини.

- Начин на спроведување:
    - Понудата ќе вклучува можности за пензионерите да учествуваат во локални волонтерски активности, како помош за деца, грижа за животни, помош во библиотеки и културни настани.
    - Организирање на обуки за дигитални вештини, како што се користење на компјутери, мобилни телефони и интернет, што ќе им помогне да останат вклучени во модерното општество.

- Очекуван ефект:
    - Пензионерите ќе се чувствуваат корисни и ќе бидат вклучени во заедницата.
    - Ќе се намалат проблемите со изолација и депресија кои често се јавуваат во староста.
    - Зајакнување на нивната способност да се справат со дигитализацијата и да комуницираат со другите.

4. Субвенционирани здравствени услуги за пензионерите

- Предлог: Обезбедување посебни пакети за здравствена заштита за пензионерите кои ќе вклучуваат превентивни прегледи, специјализирани лекови и услуги.

- Начин на спроведување:
  - Пакетите ќе вклучуваат редовни превентивни прегледи (како што се контрола на крвен притисок, шеќер, кардиоваскуларни болести и онколошки тестови) и специјализирани лекови за хронични болести.
  - Пензионерите ќе имаат пристап до лекови по пониски цени или бесплатно, како и бесплатни здравствени услуги што се потребни.
  - Развој на соработка помеѓу Министерството за здравство и фармацевтски компании за обезбедување на попустите.
- Очекуван ефект:
  - Се подобрува здравствената грижа за пензионерите, што значително ќе го подобри квалитетот на нивниот живот.
  - Зголемување на превентивни мерки кои ќе ја намалат потребата од скапи болнички третмани.

<u>5. Поддршка за мобилност на пензионерите – Бесплатен јавен превоз и субвенции за адаптирани возила</u>

- Предлог: Обезбедување бесплатен јавен превоз за пензионерите, како и субвенции за адаптирани возила кои им се потребни за мобилност (особено за пензионери со физички проблеми).

  .
- Начин на спроведување:
  - Владата ќе издава бесплатни или поволни картички за пензионерите за користење на јавен превоз во сите големи и помали градови.
  - Обезбедување на субвенции или финансиска поддршка за пензионерите кои ќе ги купат или адаптираат возилата кои им се потребни за мобилност.
  - Поддршка за локалните самоуправи во развојот на инфраструктурата за лесен пристап на пензионерите до јавниот превоз.

- Очекуван ефект:
  - Пензионерите ќе имаат поголема мобилност и ќе бидат вклучени во општествени активности.
  - Ќе се намалат тешкотиите со кои се соочуваат пензионерите при патување и пристап до медицински и социјални услуги.

## 4. Препораки за социјална грижа и заштита на ранливи категории и деца

За да се подобри квалитетот на социјалната грижа и да се обезбеди поголема вклученост на ранливите категории, како и деца со попречености, следниве мерки ќе имаат значителен ефект:

<u>1.</u> Обезбедување субвенции и даночни олеснувања за компании кои вработуваат лица со попреченост.

  - Воведување на програми кои ќе ги субвенционираат трошоците за вработување на лица со попречености, вклучувајќи плати, обуки и адаптирање на работни места.

- Воведување на даночни олеснувања за компании кои вработуваат лица со попреченост, како што е намалување на даноците за оние што имаат одреден процент на вработени лица со попреченост.
- Воведување на програми за обука и образование на лицата со попреченост со цел подобрување на нивните вештини и вклучување на пазарот на труд.

Ваквите мерки овозможуваат поефикасна интеграција на лицата со попреченост на пазарот на труд, што ја зајакнува нивната економска независност, а со тоа и општата интеграција во општеството. Дополнително, компаниите ќе бидат поттикнати од страна на државата да учествуват во овој процес.

2. Респонзивност на државните електронски платформи (веб-страници на министерства и други јавни институции, платформи за електронски услуги и слично) за нивно полесно користење од страна на лица со попреченост

Создавање дигитална платформа која ќе обезбеди информации и услуги за лица со попреченост, со цел подобрување на нивниот пристап до права, вработување и услуги.

- Начин на спроведување:
    - Платформата ќе биде еден централен ресурс за информации, вклучувајќи правни права, програми за вработување, здравствена поддршка, образовни можности и достапни услуги.
    - Платформата ќе вклучува опции за аплицирање на програми, контакт со организации за поддршка, како и линкови до релевантни владини институции.
    - Развој на мобилни апликации и веб-страници за едноставна навигација и пристап на корисниците.
- Очекуван ефект:
    - Лицата со попреченост и нивните старатели ќе имаат полесен пристап до важни информации, што ќе им помогне да ги искористат достапните можности.
    - Намалување на бариерите кои ги спречуваат лицата со попреченост да пристапат до вработување и социјални услуги.

3. Поддршка за изградба на инклузивни детски градинки со сензорни соби и стручни асистенти за деца со попреченост.

Преку ваква мерка децата со попреченост ќе може полесно да се интегрираат во средината уште од најрана возраст и градинките поефикасно ќе ги адресираат нивните потреби.

4. Систем за поддршка на старатели на лица со попреченост, преку:

- Создавање на програми за старатели на лица со попреченост кои ќе обезбедат финансиска помош за трошоците поврзани со грижа.

- Понуда на обуки за старателите за правилно грижење и развој на вештини кои се потребни за справување со специфичните потреби на лицата со попреченост.

– Развој на мрежи за поддршка, како што се групи за поддршка и контакт со психолози кои ќе помогнат во решавање на стрес и емоционални предизвици на старателите.

Ваквата мерка ќе резултира со поефикасна грижа за лицата со попреченост.

5. Создавање мобилни услуги за лица со попреченост и стари лица кои имаат ограничена мобилност преку:

– Развивање мобилни тимови кои ќе патуваат до домовите на лицата со попреченост и стари лица за да обезбедат здравствена грижа, помош во домаќинството и други неопходни услуги.

– Тимовите ќе бидат составени од медицински сестри, физијатри и помошен персонал, кои ќе обезбедат специфична грижа за корисниците.

– Обезбедување на финансирање од државата за оваа услуга, како и партнерства со приватни компании за изведување на мобилни услуги.

Ваквата мерка овозможува подобар третман за лицата со попреченост и старите лица, без да треба да го напуштат домот, што ќе го подобри нивниот квалитет на живот, а воедно и ќе ја намали институционализацијата на лицата со попреченост.

6. Воспоставување на фонд за поддршка на социјални иновации кој ќе обезбедува финансиска поддршка за истражувања, развој и имплементација на нови решенија за социјални проблеми, со акцент на инклузија на лица со попреченост, деца и стари лица, како и поддршка за партнерства меѓу јавниот и приватниот сектор во создавање социјални иновации.

Ваквата мерка воедно поттикнува иновативност, претприемништво и ја зајакнува социјалната компонента во општеството.